Член 2

Јавното претпријатие за водоснабдување"Студенчица" Другово(во натамониот текст : Јавно претпријатие ) е основано со делење на постојното Јавно претпријатие за водоснабдување " Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје на две јавни претпријатија : Јавно претпријатие за водоснабдување" Студенчица " Скопје и Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС " Злетовица" Пробиштип , со Одлуката за делење на Јавното претпријатие за водоснабдување" Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје бр.0201-267 од 14.05.2001 година донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување " Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје, на која со одлука бр 23-3213/2 од 17 јули 2001 година („Службен весник на Република Македонија„ бр. 53/01) ,Владата на Република Македонија даде согласност.

Член 3

Јавното претпријатие за водоснабдување " Студенчица" Другово е запишано во трговскиот регистар во Основниот суд Скопје I Скопје под Трг.бр. 2706 /2001 од 23.07.2001 година, а во Централниот регистар на Република Македонија под деловоден број 3012011000489 со ЕМБС 5532523.

## II .Фирма и седиштe

Член 4

Фирмата на Јавното претпријатие е :

Јавно претпријатие за водоснабдување "Студенчица " .Другово

Скратен назив на фирмата е :

ЈП "Студенчица " Другово

Во меѓународниот правен промет се употребува називот на фирмата - Public enterprise for watter supply„Studencica„ Drugovo.

Член 5

Седиштето на Јавното претпријатие е во Другово на улица Магистрален пат бб во Другово, општина Кичево.

Член 6

Јавното претпријатие има печат и штембил.

Печатот е во тркалезна форма и го содржи текстот:
Јавно претпријатие за водоснабдување "Студенчица " Другово

Штембилот е во правоаголна форма , со следниот текст :

Јавно претпријатие за водоснабдување " Студенчица " бр._,а под него место за датум ,по што следи: Другово.

Член 7

Јавното претпријатие има свој знак (амблем ).

Знакот (амблемот ) е капка вода втисната на плаво-бела подлога во форма на правоаголник .

## III . Застапување и и претставување

Член 8

Јавното претпријатие го застапува и претставува директорот, без ограничување.

Директорот е овластен во име и за сметка на јавното претпријатие да склучува договори, да презема други правни работи, како и да го застапува и претставува Јавното претпријатие пред органите на државната власт, други органи и правни лица.

Член 9

Директорот на јавното претпријатие може да определи вработен од редот на раководните лица кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие.

## IV. Дејност на Јавното претпријатие

Член 10

Јавното претпријатие врши дејност од јавен интерес: одржување и експлоатација на регионалниот водовод Студенчица за потребите на делови од општините Кичево, Пласница, Македонски Брод, Долнени, Крушево, Прилеп и РЕК Осломеј.

Јавното претпријатие ги врши следниве дејности:

- 36.00- собирање, обработка и снабдување со вода и
- 35.11. Производство на електрична енергија.

Член 11

Во извршување на дејностите од јавен интерес, јавното претпријатие ги применува следните принципи на работа и тоа:

-сигурност на давање на услугите,

- континуитет и квалитет на услугата ,

-транспарентност ,

- достапност и универзална услугата и

- заштита на корисниците и потрошувачите.

## V. Организација и работа на Јавното претпријатие

Член 12

Јавното претпријатие е организирано во единствена организациона , економска и правна целина.

Јавното претпријатие се организира така што дејноста заради која е основано ја врши на начин на кој се обезбедува:

1.Техничко- технолошко и економско единство на системот ,

2.Ефикасност и транспарентност во работењето,

3.Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој,

4.Заштита и унапредување на добрата од општ интерес ,

5.Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги и

6.Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата.

Член 13

Во Јавното претпријатие се формираат три сектори и тоа :

1. Технички сектор, со Одделение за одржување и интервенции ,
2. Сектор за општо кадрови и правни работи, со Служба за физичко обезбедување и заштита и
3. Сектор за економско -финансиски работи .

Член 14

Со актот за внатрешна организација и систематизација на работните места поблиску се уредува внатрешното организирање на јавното претпријатие и се определуваат работните места .

## V.1.Работи кои се вршат во Јавното претпријатие

Член 15

Јавното претпријатие во рамките на својата дејност врши :

- координација на производството, пренесувањето и дистрибицијата на вода ,
- изготвување на предлог планови и програми за тековно и инвестиционо одржување на објектите ,
- следење на примената на техничките прописи , нормативи и стандарди од областа на производството , пренесувањето и дистрибуцијата на вода , како и прописите за заштита при работа ,
- изготвување на програма за развој на Јавното претпријатие ,
- изготвување на техничка документација за реализација на плановите за развој ,
- техничка и финансиска контрола и автоматска обработка на податоци
- планирање и анализа на работењето ,
- анализа на резултатите од работењето на јавното претпријатие ,
- набавка на средства , репроматеријали , опрема и услуги ,
- координација, изготвување и утврдување на предлог планови за набавка на резервни делови и репроматеријали и следење на нивната реализација ,
- работи на книговодствена евиденција ,
- финансиски работи ,
- општо кадрови и правни работи ,
- имотно правни работи ,
- застапување пред надлежните управни , судски и други државни органи,
- работи на јавна внатрешна финансиска контрола,
- работи на информирање во јавното претпријатие ,
- физичко обезбедување и заштита на објектите ,
- остварување на обврските на јавното претпријатие од областа на одбраната согласно закон и
- други административно технички и општи работи .

## VI. Овластувања на Јавното претпријатие во правниот промет

Член 16

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

Во правниот промет со трети лица јавното претпријатие настапува во свое име и за своја сметка.

За своите обврски јавното претпријатие одговара со сиот свој имот.

Јавното претпријатие при вршење на работите од својата дејност може да стекнува имот.

## VII. Планирање на работата и развој на Јавното претпријатие

Член 17

Јавното претпријатие за својата работа и развој донесува годишна програма за работа .

Член 18

Годишната програма за работа содржи :
- план за производство и дистрибуција на вода ,
- план за инвестиционо одржување и вложувања ,
- мерки за реализација на програмата ,
- план за работна сила ,
- план со динамика и средства за реализација ,
- план за плати ,
- план за деловен успех и ликвидност и
- други елементи сврзани со планирањето на годишната работа.

## VIII.Средства на јавното претпријатие

Член 19

На Јавното претпријатие и понатаму останува во трајно располагање и користење основните средства кои согласно Одлуката на Собранието на СРМ бр 22-3551/1 од 26.10.1990 година („Службен весник на Социјалистиичка Република Македонија„ бр.36/90) и поединично склучените договори за превземање - отстапување на основните средства , без надомест , ги презеде ЈП за водоснабдување "Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје од ЈП " Електростопанство на Македонија " Скопје и ЈКП на општините Македонски Брод , Прилеп и Крушево .

Основните средства од став 1 на овој член се имот на јавното претпријатие .

Член 20

Средствата за работење и развој на јавното претпријатие се обезбедуваат од приходите што тоа ги остварува со тековно работење, од кредитни средства и од други извори во согласност со законот.

Јавното претпријатие доставува тримесечни извештаи до основачот, Владата на Република Македонија кои содржат показатели за финансиското работење .

## VIII.1 Транспарентност во финансиските односи

Член 21

Јавното претпријатие, водењето на сметководството, подготвувањето и поднесувањето на годишната сметка и финансиските извештаи го врши во согласност со Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни

сметководствени стандарди и меѓународни стандарди за финансиско известување.

Деловните книги , сметководствените документи , годишшните сметки и финансиските извештаи, јавното претпријатие ги води и чува, согласно Законот за трговските друштва.

Член 22

Јавното претпријатие има транспарентен финансиски однос кон основачот - Владата на Република Македонија за :

1. средствата кои директно се достапни на јавното претпријатие од државата,
2. средствата кои се индиректно достапни на јавното претпријатие од државата и
3. начинот и намената на средствата кои се дадени на користење на јавното претпријатие.

Член 23

Јавното претпријатие има транспарентен финансиски однос кон основачот - Владата на Република Македонија ,особено во следните случаи:

- порамнување на загубите од работењето,
- обезбедувањето на капиталот,
- неповратна помошили заеми под поволни услови,
-давање финансиски поволности преку откажување од наплата на побарувањата,
- откажување од нормален поврат на искористените средства и
- компензирање на финансиското оптоварување воведено од страна на државните огани.

## IX .Органи на јавното претпријатие

Член 24

Органи на јавното претпријатие се: Управен одбор , Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и директор .

## IX .1.Управен одбор

Член 25

Орган на управување во јавното претпријатие е Управниот одбор.

Управниот одбор се состои од девет члена .

Во Управниот одбор основачот, Владата на Република Македонија именува односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие имајки ја во предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

Времетрањето на мандатот на членовите на Управниот одбор не може да биде подолг од четири години.

Член 26

Управниот одбор на јавното претпријатие :

1. донесува Статут на јавното претпријатие, негово изменување и дополнување ,
2. одлучува за статусни промени на јавното претпријатие ,
3.донесува акт за употреба на средства остварени со работењето на јавното претпријатие,
4.донесува акт за задолжување на јавното претпријатие,
5.донесува акт за цената на водата и ја утврдува истата , доколку цената не е предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело ,
6. ги усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие,
7.ја усвојува Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот развој.
8.ја усвојува програмата за работа и развој за работа на јавното претпријатие,
9.ја утврдува деловната политика на јавното претпријатие,
10. го избира и разрешува директорот на јавното претпријатие,
11. именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан јавен конкурс, но не подолго од шест месеци,
12.донесува одлуки за службени патувања во странство на директорот,
13.донесува општ акт за внатрешна организација на јавното претпријатие и акт за систематизација на работните места,
14. донесува Деловник за работа на Управниот одбор и Деловник за работа на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење,
15.донесува други општи акти на јавното претпријатие,
16. одлучува за надоместок на членовите на Управниот одбор и Надзорот за контрола за материјално-финансиско работење.
17.формира постојани и повремени комисии за работи од негова надлежност,
18.разгледува и одлучува по барања од органи, институции, правни лица и граѓани,
19.разгледува прашања од областа на одбраната во делот на дејноста на јавното претпријатие,
20. одлучува по приговори за заштита на правата на работниците во случаи утврдени со закон и колективен договор,
21.донесува одлуки за набавка на основни средства,
22. донесува одлука за извештаи од попис на средствата ( побарувањата и обврските) и од попис на основни средства,
23. донесува одлуки за расходување и отуѓување на основни средства и
24. и врши други работи согласно овој статут.

На актите донесени од Управниот одбор на јавното претпријатие од став 1 точки 1, 2,3,4,5,6 и 7 на овој член, согласност дава Владата на Република Македонија.

Член 27

Начинот на работата и одлучувањето на Управниот одбор се уредува со Деловник за работа.

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

## IX.2. Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење

Член 28

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие се формира Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење од пет члена . ( во натамошниот текст Надзорен одбор)

Времетраењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години.

Член 29

Членовите на Надзорниот одбор ги именува односно разрешува основачот- Владата на Република Македонија .

За членови на Надзорниот одбор можат да се именуваат лица со високо образование кои поседуваат знаење и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

Член 30

Заради вршење на работите за контрола на Надзорниот одбор може да врши испитувања на лице место на сите документи и списи на Јавното претпријатие .

Надзорниот одбор може заради испитување на документите и списите на Јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во вршењето на надзорот.

Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седницата на Управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на Управниот одбор .

Член 31

Надзорниот одбор ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на Јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие , ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор.

Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, Надзорниот одбор му го доставува на министерот за финансии .

Копие од Извештајот од став 3 на овој член се доставува и на министерот за животна средина и просторно планирање.

Надзорниот одбор се состанува најмалку четири пати годишно.

## IX .3.Директор

Член 32

Со работата на јавното претпријатие раководи директор, што го избира односно разрешува Управниот одбор.

Директорот се избира со мандат од четири години.

Изборот на директор се врши врз основа на јавен конкурс.

Управниот одбор на јавното претпријатие , три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор.

Во објавениот конкурс се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација и времетраењето на конкурсот.

Пристигнатите документи ги прегледува тричлена комисија од Управниот одбор и во рок од осум дена по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ја доставува до Управниот одбор на јавното претпријатие.

Управниот одбор на јавното претпријатие во рок од 15 дена од денот на доставувањето на документацијата од ставот 5 од овој член , донесува одлука за избор на директор.

Ако по распишаниот конкурс не се избере директор , Управниот одбор на јавното претпријатие во рок од пет дена по истекот на рокот од ставот 6 на овој член именува вршител на должност директор, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

Член 33

Кандидатот за директор треба да ги исполнува следните услови:

- високо образование VII/1 степен,
- работно искуство од 5 години,
- познавање на странски јазик,
- да има општа здраствена способности и
- познавање од работа со компјутер.

Член 34

Директорот за својата работа одговара пред Управниот одбор на јавното претпријатие.

Директорот со Управниот одбор склучува Договор за уредување на правата, обврските, одговорностите, и овластувањата на директорот во јавното претпријатие.

Директорот, членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор ако извршат, односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите , морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука.

Одговорноста се утврдува согласно со одредбите на Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Член 35

Директорот на јавното претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот , во следниве случаи:

- на негово барање,

- ако настане некоја од причините поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно закон;

-ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на јавното претпријатие,

-ако ги занемарува и не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на Јавното претпријатие,

-ако и по истекот на рокот од шест месеци директорот не ги отстрани недостатоците или во тој рок повторно има недостатоци и/или загуба во финансиското работење.

-ако не достави секои шест месеци извештај за работа до Управниот одбор на ЈП,

-ако не работи и постапува согласно позитивните законски прописи, статутот и актите на јавното претпријатие ,

-ако неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или ако постапува спротивно на нив .

Управниот одбор во случаите од став 1 на овој член ќе донесе одлука за разрешување на директорот.

До изборот на нов директор , Управниот одбор , во рок од пет дена од донесувањето на одлуката од ставот 2 на овој член, именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие, но не подолго од шест месеци.

Член 36

Директорот на секои шест месеци доставува извештај за работата на јавното претпријатие до Управниот одбор.

Член 37

Директорот на јавното претпријатие покрај надлежностите утврдени со закон ги врши и следните работи :

1. го организира и раководи работењето на јавното претпријатие ,

2. го претставува и застапува јавното претпријатие ,

3. предлага општи акти кои ги донесува Управниот одбор ,

4.донесува донесува одлуки, решенија, наредби , упатства и други поединечни акти од своја надлежост,

5. се грижи за законитоста на одлуките и општите акти на јавното претпријатие ,

6.ја организира и обезбедува работната дисциплина во јавното претпријатие ,

7.одлучува за распоредување на работниците,

8.го определува работното време во вкупното годишно работно време,

9. донесува план за користење на годишен одмор,

10.донесува одлуки за поединиечните права , обврски и одговорности на вработените,

11.обезбедува јавност во работата на јавното претпријатие ,

12. ги подготвува седниците на Управниот одбор и неговите работни тела ,

13. ги спроведува одлуките и заклучоците на Управниот одбор,

14. поднесува извештај до Управниот одбор, за резултатите од работењето на јавното претпријатие ,

15. склучува договори за реализација на програмата и други договори за потребите од тековното работење на јавното претпријатие,

16. се грижи за остварување на обврските на јавното претпријатие од областа на одбраната согласно закон ,

17. формира стручни комисии и работни тела ,

18. го информира Управниот одбор за одделни прашања од работењето на јавното претпријатие ,

19. предлага критериуми за користење и располагање со средствата остварени од работењето на јавното претпријатие

20. донесува акти со кои се уредуваат прашања поврзани со организирање на процесот на работа и работењето на јавното претпријатие и

21. врши други работи од своја надлежност согласно закон, со овој статут и другите општи акти на јавното претпријатие.

Член 38

Директорот може да учествува во работата на Управниот одбор ,без право на глас.

## X. Јавност во работата и заштита на информации

Член 39

Работата на јавното претпријатие е јавна .

За работата на јавното претпријатието јавноста се запознава преку преку веб страната на јавното претпријатие www.studencica.com.mk и преку средствата за јавно информирање .

Член 40

Јавното претпријатие презема мерки и активности за заштита на материјалите и документите кои се сметаат за деловна тајна, создадени при работењето во јавното претпријатие, согласно прописите за заштита на класифицираните информации.

Не се смета за повреда ако податоците или документите од став 1 се достават по барање на државни органи, ако таквото доставување е неопходно за вржење работите од нивна надлежност.

## XI .Заштита и унапредување на животната средина

Член 41

Јавното претпријатие својата дејност ја врши на начин со кој се обезбедува заштита и унапредување на животната средина.

## XII. Соработка со синдикатот и штрајк во јавното претпријатие

Член 42

Јавното претпријатие согласно закон и колективен договор обезбедува услови за работа и делување на синдикатот .

Вработените во јавното претпријатие можат да го користат правото на штрајк под услови и начин утврдени со закон , колективен договор и општ акт на јавното претпријатие што го донесува Управниот одбор на јавното претпријатие.

## XIII. Информирање на работниците

Член 43

Информирањето на работниците се врши на начин определен со колективниот договор на јавното претпријатие .

## XIV.Одбрана

Член 44

Јавното претпријатие во случај на воена или вонредна состојба, презема мерки за заштита и спасување на работниците и материјалните добра (средствата за работа, архивскиот материјал и документација ) од воени дејствија, природни непогоди или епидемии, како и други последици предизвикани од нив.

## XV. Општи акти и постапка за нивно донесување

Член 45

Во Јавното претпријатие, покрај Статутот, се донесуваат и други општи акти со кои се уредуваат определени односи во врска со организацијата и работењето на јавното претпријатие, остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работен однос, како и други прашања од значење на развојот и унапредувањто на дејноста на јавното претпријатие и тоа:

-Деловник за работа на Управниот одбор ,

-Деловник за работа на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење ,

-Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места ,

-Правилник за заштита при работа и за службена облека на работниците во Јавното претпријатие ,

-Правилник за физичк -техничко обезбедување на РВ " Студенчица"и

-други општи акти потребни за вршење на дејноста на јавното претријатие .

Член 46

Општите акти се се применуваат од денот на нивно влегување во сила, освен ако со одредбите на општиот акт не е поинаку определено, а влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето , доколку со одредбите на актот не е определено поинаку.

Член 47

Изменувањето и дополнувањето на Статутот и другите општи акти се врши на начин и постапка применета при нивно донесување.

## XVI.Преодни и завршни одредби

Член 48

Општите акти предвидени со овој статут ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој статут .

До донесувањето на општите акти од став 1 на овој член ќе се применуваат постојните акти на јавното претпријатие.

Член 49

Со денот на влегувањето во сила на овој статут престанува да важи Статутот на Јавното претпријатие „ Студенчица„ Скопје бр.0201-59/2 од 10.08.2001 година , 02-145/1-2/1од 30.01.2009 година и бр. 02-35/1 од 10.01.2011 година .

Статутот на Јавното претпријатие „ Студенчица„ Скопје бр.0201-59/2 од 10.08.2001 година , 02-145/1-2/1од 30.01.2009 година и бр. 02-35/1 од 10.01.2011 година .

Член 50

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла во јавното претпријатие, а ќе се објави по добивање согласност од Владата на Република Македонија .

Бр______
___________2013
Другово

Претседател на Управен одбор
Петар Иваноски

Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Другово

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Бр. **41-5334/1**
Скопје, **14.08.2013** год.

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија

Бул. „Илинден" бр.2
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 – 022

www.vlada.mk

**ДО ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ СТУДЕНЧИЦА**

**<u>Д Р У Г О В О</u>**

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА - Другово
Примено: 20.08.2013
Орг. Един.: 03 Број: 1422/1 Прилог: Вредност:

Во прилог ви се доставува за извршување, Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Другово, донесена од Владата на Република Македонија под бр. 41-5334/1 од 14.08.2013 година.

**ПРИЛОГ: 1**

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**

**Илхам Исмани**

Подготвил: Дејан Јакимовски
Одобрил: Љубица Р. Димовска

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010 и 6/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.08.2013 година, донесе

Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА - Другово

| Примено: | 20.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1422/1 | | |

**ОДЛУКА**

**за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово, бр. 02-1281/1-6/2, донесен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 19.07.2013 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр.41-5334/1**
**14 август 2013 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
Бр. 02-1472/1-2/2
29.08 2013 год.
Другово

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/96, 9/97, 6/02 ,49/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10 и 6/12) и член 26 точка 1 од Статутот на Јавното претпријатие, Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" Другово, на седницата одржана на ден 29.08. 2013година, донесе:

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА
## за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица " Другово

### Член 1

Во Статутот на ЈП за водоснабдување „ Студенчица„ Другово бр.02-1281/1-6/2 од 19.07.2013 година, глава IV Дејност на јавното претпријатие во членот 10 став 2 по алинеја 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

11.07.Производство на освежителни пијалаци; производство на минерална вода и друга флаширана вода.

### Член 2

Оваа статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласна табла во јавното претпријатие, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

август 2013 Другово

Претседател на Управен одбор

Петар Ивановски

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА - Другово
Примено: 25.09.2013
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 03 | 1578/1 | | |

Бр. **41-6191/1**
Скопје **18.09.2013** год.

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 – 022

www.vlada.mk

**ДО ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ "СТУДЕНЧИЦА"**

**Д Р У Г О В О**

0308

Во прилог за извршување ви се доставува Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Другово, донесена од Владата на Република Македонија под бр. 41-6191/1 од 18.09.2013 година.

**ПРИЛОГ: 1**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Кирил Божиновски**

Влада на Република Македонија Скопје

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р.Димовска
Одобрил: Митра Спасовска

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА - Другово
Примено: 25.09.2013
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 1578/1 | | |

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 49/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010 и 6/2012), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18.09.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Другово**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука; дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица," Другово, бр. 02-1450/1-2/2, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 29.08.2013 година

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**бр. 41-6191/1**
**18 септември 2013 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
Бр. 02-1681/1-2/1
08.10 2013 год.
Другово

Врз основа на член 19 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 22/07, 83/09 , 97/10, 06/12 и 119/13), на предлог на ВДДиректорот, Управниот одбор на јавното претпријатие, на 61вата седница одржана на ден 08.10.2013 година донесе:

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА

### за изменување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица"-Другово

Член 1

Во Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Другово бр.02-1281/1-6/2 од 19.07.2013 година во насловот зборот „Другово" се заменува со зборот„Кичево".

Член 2

Во члeновите 1, 3, 4 алинеи 2,4 и 5 и член 6 алинеи 3 и 6 зборот „Другово" се заменува со зборот ,, Кичево,,.

Член 3

Членот 5 се менува и гласи :

„Седиштето на Јавното претпријатие е во Кичево на булевар ,,Ослободување,,број 60 А / I - 1 Кичево, Општина Кичево".

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Другово, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Претседател на Управен одбор

Петар Иваноски

Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Другово

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА - Другово

| Примено: 07.11.2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1921/1 | | |

**ДО ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ СТУДЕНЧИЦА**

**ДРУГОВО**

Бр. **41-7545/1**
Скопје, **29.10.2013** год.

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија

Илинден бр.2
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 – 022

www.vlada.mk

Во прилог ви се доставува за извршување Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Другово, донесена од Владата на Република Македонија, под бр.41-7545/1 од 29.10.2013 година.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Кирил Божиновски**

**ПРИЛОГ: 1**

Подготвил: Биљана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Одобрил: Митра Спасовска

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012 и 119/2013 ) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.10.2013 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Другово**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Другово, бр.02-1687/1-2/1 од 8.10.2013 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 8.10.2013 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија"

**Бр.41-7545/1**
**29 октомври 2013 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
бр. 02-1477/14/1
03-09 2014 год.
Кичево

Архивски знак: 0302
14/ll

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13 и 41/14), Управниот одбор на Јавно претпријатие за водоснабдување„Студенчица" Кичево, на седницата одржана на ден 03.09.2014година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево

Член 1

Во Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Другово бр.02-1281/1-6/2 од 19.07.2013 година, Статутарна одлука за дополнување на Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Другово бр. 02-1472/1-2/2 од 29.08.2013 година и Статутарна одлука за изменување на Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Другово бр.02 -1687/1-2/1 од 08.10 2013 година, во член 26 став 1 точка 23 на крајот од реченицата сврзникот „и" се заменува со запирка.

По точка 23 се додаваат две нови точки 24 и 25 ,кои гласат :

„ 24. донесува одлука за одобрување дисконт на тековни побарувањата на јавното претпријатие кон јавните комунални претпријатија на општините корисници на вода од РВ Студенчица ;

25. донесува одлука за откажување од наплата на побарувањата на ЈКП ".

Точка 24 станува точка 26.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласна табла на Јавно претпријатие за водоснабдување "Студенчица"Кичево, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

03.09.2014 година
Кичево

Претседател на Управен одбор

Петар Иваноски

Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Архивски знак: 0302
Рок на чување: трајно
20 14 год. Потпис:

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

ДО ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ КИЧЕВО

К И Ч Е В О

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА - Кичево

| Примено | 03.10.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2016/1 | | |

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр.42 – 7333/1
23.9.2014 година

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

Во прилог за извршување ви се доставува Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, донесена од Владата на Република Македонија под бр.42-7333/1 од 23.9.2014 година.

ПРИЛОГ: 1

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Кирил Божиновски

Република Македонија Влада на Република Македонија Скопје

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Контролирал: Љубица Р.Димовска
Одобрил: Митра Спасовска

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА - Кичево

| Примено | 03.10.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2016/1 | | |

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013 и 41/2014), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 23.9.2014 година, донесе

## ОДЛ УКА
### за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, бр.02-1771/1-4/1, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 3.09.2014 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.42 – 7333/1
23 септември 2014 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

м-р Зоран Ставрески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
бр. 02-2121/1-5/1
21.10 2014 год.
Кичево

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13 и 41/14) и член 1 и 2 од Законот за изменување и дополнуање на Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.138/14), Управниот одбор на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево, на седницата одржана на ден 21.10.2014 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

## за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево

Член 1

Во Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Другово бр.02-1281/1-6/2 од 19.07.2013 година, Статутарна одлука за дополнување на Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Другово бр. 02-1472/1-2/2 од 29.08.2013 година, Статутарна одлука за изменување на Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Другово бр.02-1687/1-2/1 од 08.10.2013 година и Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Кичево бр.02 -177/1-4/1 од 03.09.2014 година во член 26 став 1 после точка 7 се додавава нова точка 8 која гласи:

„8. донесува акт за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие„

Точките 8,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19,20,21,22,23,24,25 и 26 стануваат точки 9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19,20,21,22,23,24,25 , 26 и 27.

Во став 2 после бројот „6" се додава запирка,зборот„ и" се брише, а после бројот „7" се додава зборот „ и" после кој се додава бројот „ 8" " .

Член 2

Во член 31 после став 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„Надзорниот одбор дава мислење до Управниот одбор по однос на прашањата утврдени во член 26 точки 4, 5, 7, 9, 25 и 26 од овој Статут".

Ставот 5 станува став 6.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласна табла на Јавно претпријатие за водоснабдување "Студенчица"Кичево, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

21.10.2014 година — Претседател на Управен одбор

Кичево — Петар Иваноски

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Архивски знак: 0302
Датум: 14.11.2014

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

**ДО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА" КИЧЕВО**

**К И Ч Е В О**

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА - Кичево

| Примено | 18. 11. 2014 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2322/1 | | |


Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија

Бр.**42-9219/1**
Скопје, **11.11.2014** год.

Бул. „Илинден" бр.2
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 – 022

www.vlada.mk


Во прилог ви се доставува за извршување Одлуката за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево, донесена од Владата на Република Македонија под бр. 42-9219/1 од 11.11.2014 година.

**ПРИЛОГ: 1**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Кирил Божиновски**

Подготвил: д-р Стефан Волкановски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Одобрил: Митра Спасовска

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14 и 138/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.11.2014 година, донесе

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА - Кичево

| Примено | 18.11.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2322/1 | | |

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица"**

**Кичево**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево бр.02-2121/1-5/1, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпијатие, на седницата одржана на 21.10.2014 година

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Бр.42-9219/1**
**11 ноември 2014 година**
**С к о п ј е**

**м-р Зоран Ставрески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
БР. 02-298/1-5/1
09.02. 2015 год.
Кичево

Архиваски знак: 0202
Рок на чување: трајно
2015 г. Потпис:
Кичево

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 и член 29 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14 и 138/14) и член 26 став 1 точка 1 од Статутот на ЈП „Студенчица,, Кичево, Управниот одбор на ЈП „Студенчица" Кичево, на седницата одржана на ден 09.02.2015 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

## за дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево

### Член 1

Во Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување ,,Студенчица,, Другово бр.02-1281/1-6/2 од 19.07.2013 година, Статутарна одлука за дополнување на Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица,, Другово бр.02-1472/1-2/2 од 29.08.2013 година, Статутарна одлука за изменување на Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување ,,Студенчица,, Другово бр.02-1687/1-2/1 од 08.10.2013 година, Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување ,,Студенчица,, Кичево бр.02-177/1-4/1 од 03.09.2014 година и Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на јавното претпријатие за водоснабдување ,,Студенчица,, Кичево бр.02-2121/1-5/1 од 21.10.2014 година, членот 26 став 1 по точката 13 се додава нова точка 14 која гласи:

,,дава согласност за службените патувања во странство, доколку патуваат повеќе од тројца вработени".

Точките 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 27 стануваат точки 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласна табла на Јавно претпријатие за водоснабдување "Студенчица"Кичево, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

09.02.2015 година

Кичево

Претседател на Управен одбор

Петар Ивановски

Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Архивски знак: 0302
Рок на чување: трајно
2015 год.
Кичево

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

**Бр. 42-1647/1**
**26.02.2015 год.**

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

ДО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ КИЧЕВО

К И Ч Е В О

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА - Кичево

| Примено | 03.03.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 453/1 | | |

Во прилог ви се доставува за извршување Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, донесена од Владата на Република Македонија под бр. 42-1647/1 од 24.02.2015 година.

ПРИЛОГ: 1

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Кирил Божиновски

Подготвил: Катерина Јаневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Биљана Цоневска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03. 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14 и 138/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.02.2015 година, донесе

Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА - Кичево
Примено 03.03.2015
Организациона единица 03 | Број 453/1 | Прилог | Вредност

ОДЛУКА
**за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, бр.02-298/1-5/1, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 9.02.2015 година.

2.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр. 42-1647/1**
**24 февруари 2015 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
бр.02-648/1-3/1
24.03.15 год.
Кичево

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14 и 25/15) и член 26 став 1 точка 1 од Статутот на ЈП „Студенчица„ Кичево, Управниот одбор на ЈП „Студенчица„ Кичево, на седницата одржана на ден 24.03.2015 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
### за изменување на Статутот на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево

Член 1

Во Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Другово, бр.02-1281/1-6/2 од 19.07.2013 година, бр.02-1472/1-2/2 од 29.08.2013 година, бр.02-1687/1-2/1 од 08.10.2013 година, бр.02 -177/1-4/1 од 03.09.2014 година, бр.02-2121/1-5/1 од 21.10.2014 година и бр.02-298/1-5/1 од 09.02.2015 година, членот 26 се менува и гласи:

„Управниот одбор на јавното претпријатие:

1.Донесува Статут на јавното претпријатие, негово изменување и дополнување,

2.Одлучува за статусни промени на јавното претпријатие,

3.Донесува акт за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие,

4.Донесува акт за задолжување на јавното претпријатие,

5.Донесува акт за цената на водата и ја утврдува истата, доколку цената не е предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело,

6.Ги усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие,

7.Ја усвојува Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот развој,

8.Донесува акт за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие,

9.Ја усвојува програмата за работа и развој за работа на јавното претпријатие,

10.Ја утврдува деловната политика на јавното претпријатие,

11.Го избира и разрешува директорот на јавното претпријатие врз основа на јавен конкурс,

12.Именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан јавен конкурс, но не подолго од шест месеци,

13.Донесува одлуки за службени патувања во странство на директорот,

14.Донесува општ акт за внатрешна организација на јавното претпријатие и акт за систематизација на работните места,

15.Дава согласност за службените патувања во странство, доколку патуваат повеќе од тројца вработени од јавното претпријатие,

16.Донесува Деловник за работа на Управниот одбор и Деловник за работа на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиско работење,

17.Донесува други општи акти на јавното претпријатие,

18.Одлучува за надоместок на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола за материјално- финансиско работење,

19.Формира постојани и повремени комисии за работи од негова надлежност,

20.Разгледува и одлучува по барања од органи, институции, правни лица и граѓани,

21.Разгледува прашања од областа на одбраната во делот на дејноста на јавното претпријатие,

22.Одлучува по приговори за заштита на правата на работниците во случаи утврдени со закон и колективен договор,

23.Донесува одлуки за набавка на основни средства,

24.Донесува одлука за извештаи од попис на средствата, (побарувањата и обврските) од попис на основни средства,

25.Донесува одлуки за расходување и отуѓување на основни средства,

26.Донесува одлука за одобрување дисконт на тековни побарувањата на јавното претпријатие кон јавните комунални претпријатија на општините корисници на вода од РВ Студенчица,

27.Донесува одлука за откажување од наплата на побарувањата на ЈКП,

28.Донесува одлуки кои се однесуваат на износи над 50.000,00 евра, по претходно одобрение на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење и

29.Врши други работи согласно овој статут и закон.

На актите од став 1, точки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член донесени од Управниот одбор на јавното претпријатие за кои согласно Законот за јавните претпријатија согласност дава Владата на Република Македонија."

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Јавното претпријатие, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

24.03.2015 година

Кичево

Претседател на Управен одбор

Петар Иваноски

Република Македонија
Влада на Република Македонија

Архивски знак: 0302
Рок на чување: 1
5 2015 год. Потпис:
Кичево

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 42-3310/1
7.04.2015 год.

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

**ДО ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА" - КИЧЕВО**

**К И Ч Е В О**

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА - Кичево

| Примено | 09.04.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 765/1 | | |

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот на Шеесет и шестата седница**
**на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 7.04.2015 година**

„**ТОЧКА 9:** Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" – Кичево, со Предлог - одлука

